ССМ СОЈУЗ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
FEDERATION OF TRADE UNIONS OF MACEDONIA

Булевар "Дванаесетта македонска бригада" бр. 2, 1.000 Скопје 3161374 телефакс 3115787 e mail: info@ssm.org.mk

ДО: Членовите на Советот на ССМ

ПРЕДМЕТ: Известување

0201-395/1
31.10. 16

Почитувани колешки и колеги,

Во име на Сојузот на синдикатите на Македонија би сакал да Ве информирам дека во контекст на престојните парламентарни избори 2016 година, Органите и телата на Сојузот на синдикатите на Македонија ( Извршниот одбор на Претседателството на ССМ, Претседателството на ССМ и Советот на ССМ) согласно програмските определби ја утврдија својата принципиелна позиција да ја промовораат својата непартиска, недржавна, автономна позиција без да се вклучуваат во никакви политички процеси, преговарање или агитирање.

Во оваа смисла беа донесени и и повеќе Одлуки (Одлука за активности на ССМ во предизборниот и изборниот период на Парламентарните избори 2016 година и Одлука за одржување на седници на Советот и Претседателството на ССМ по одржување на Парламентарните избори во декември 2016 година донесени од Советот на ССМ како и Одлука за активности на ССМ во предизборниот и изборниот период на Парламентарните избори 2016 година и Одлука за за одржување на седници на Советот и Претседателството на ССМ по одржување на Парламентарните избори во декември 2016 година донесени од страна на Претседателството на Сојузот на синдикатите на Македонија).

Турбулентниот период со кој се соочуваме беше проследен и со низа тенденциозни обиди, инсинуации и разно разни против правни дејсвија на одредени структури со цел да превземат дејствија и да ги инволвираат органите и телата вклучително и Вас како членови на Советот.

Ваквите тенденциозни обиди беа осудени од Претседателството на ССМ и од страна на другите Органи и тела на ССМ па уште еднаш би сакал да Ве информирам дека против сите носители на неовластени иницијативи и учесници во вакви иницијативи согласно Статутот на ССМ и Одлуките на Органите и телата на ССМ ќе бидат превземени соодветни мерки за нивно санкционирање вклучително и поведување на кривични постапки против оние лица кои ќе бидат вклучени или учествуваат во одредени такви иницијативи и неовластено свикување на органите и телата на ССМ.

Почитвани колешки и колеги,

Во однос на некој информации за позицијата на ССМ во контекст на давање на одредени предлози кон Владата изнесени од страна на одредени членови на синдикатите, Ве информирам дека далеку пред истите од страна на ССМ уште во предходниот пред изборен период доставени се барања и писмено известување бр. 0302-328/1 од 17.8.2015 година и бр.0302-259/1 од 25.7.2016 година во кои врз основа на изјаснување на синдикатите здружени во ССМ номинирани се од наша страна приоритетни прашања кои треба да ги разгледа идната Влада.

Тоа се прашања поврзни со : поттикнување на процесите за колективно преговадарање, утврдување на % на вработени на неопределено време од вкупниот број на примени работници кај работодавачот, формирање на посебен социјален солидарен фонд, ажурирање на процесот за регистрација, ратификување на предложени Конвенции, активност околку инспекцискиот надзор, потпишување на Колективен договор за јавен сектор, измени во Законот за работните односи за кратење на рокот за работа на определено работно време и слично.

Како што е видно од горе изнесото, ССМ предначи во доставувањето на вакви предлози и пред сите оние кои прават обиди да се прикаже дека ССМ не доставува предлози.

Ваквите настојувања за вклучување во политички и партиски игри, ССМ водејќи ја својата конзистентна политика во потполност ги отфрла.

Почитувани колешки и колеги,

Во секој случај би сакал да Ве информирам дека останува заеднички да се фокусираме на остварување на програмските цели и определби и на стратегијата која ќе биде поврзана со концентрирање на сите Наши барања во клучиот документ за Социјален напредок во Република Македонија.

Исто така ја користам оваа прилика да Ве информирам дека за активностите на Сојузот на синдикатите на Македонија навремено можете да се информирате на веб страната на ССМ http://ssm.org.mk/mk, а исто така Ве информирам дека ССМ во насока на заштита на работничките права отвори нова веб страна http://rabotnickiprava.mk/ преку која работниците и членовите на синдикатите подетално и навремено можат да се информираат за своите права од работен однос.

Со почит,

Сојуз на синдикатите на Македонија
Претседател

д-р Живко Митревски